**ДНЕВНО ПЛАНИРАЊЕ**

**Час:** 12
**Датум:**
**Наставен предмет:** Работа со компјутери и основи на програмирањето
**Програмско подрачје:** Тема 7 - онлајн живеење
**Наставна содржина:** Блогот како едноставен начин за поставување на работи на Интернет
**Тип на час:** Обработка
**Цели:** Да се запознае со можностите за блогирање
**Очекувани резултати:** Објаснува што е блогирање и какви можности нуди блогирањето
**Место на реализација:** Училница
**Форми на работа:** Заедничка, индивидуална и работа во парови
**Наставни методи и техники:** Вербален – дијалошки метод, метод на усно излагање, метод на демонстрација
**Наставни средства:** Компјутер, LCD проектор
**Следење и вреднување (методи, инструменти и индикатори):** Набљудување, чек - листа, објаснува

**ТЕК НА АКТИВНОСТИТЕ**

**Воведна активност:** Што е веб – страна? Објаснувам дека веб – страни креираат поединци или фирми кои се занимаваат со изработување на веб – страни.
Поведувам дискусија со прашањата: Дали некогаш си имал дневник за некоја активност? Која била темата? Што пишуваат твоите другари во твојот дневник или споменар? Најава на целта на часот – на овој час ќе повториме што е блог и блогирање.
**Учечко – поучувачки активности:** За илустрација на блог, го разгледуваме блогот за натпревари по природни науки http://prirodni-nauki-natprevari.blogspot.mk/. Воочуваме дека најновите информации се наоѓаат најгоре на блогот, а колку известувањето има постара дата, се наоѓа после известувањето со понова дата.
Блогот не се користи само за известувања, постои блог за здрава храна, за готвење, за уметност...
Заклучок: Блог е веб страница што секојдневно се дополнува, разгледува и чита од разни корисници, членови на блогот и од сопственикот на блогот. Авторот на блогот се вика блогер. Има повеќе веб сервиси за креирање блог, но најчесто се користи сервисот blogger.com, padlet.com и др.
Го гледаме видеото https://www.youtube.com/watch?v=0kcMu46wYe4 и дискутираме за неговата содржина.
АКТИВНОСТИ НА УЧЕНИЦИТЕ за креирање блог:
Ја отвораме страната www.padlet.com, го кликаме полето Login и можеме да се најавиме со: е- адреса, со Facebook профил или Google сметка. Се кликнува полето Make a padlet и креираме падлет со содржина која ќе ја одбереме.
Заклучок од активноста: Блогот може да биде јавен или приватен, а тоа зависи од авторот на блогот која опција ќе ја избере. Опцијата може да ја менува во секое време.
**Активности за евалуација:** Дискусија за разликата помеѓу блог и веб страна.

obrazovanie.literatura.mk